# НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



# БИЛТЕН 5

## РАБОТНА ГРУПА 1
## ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

# Прва сесија од Вториот циклус на Работна група 1 - Земјоделство и Рурален Развој (Поглавје 11)

## „УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПАЗАРИ“



Првата сесија од вториот циклус на Работна група 1 – Земјоделство и рурален развој се одржа на 28 јануари 2020 година во „Клубот на пратениците“ во Скопје. Насловот на темата на сесијата беше: „Уредување на земјоделските пазари“. На сесијата присуствуваа над 50 учесници, претставници од Владата, членови на граѓански организации, земјоделци, претставници од меѓународни организации и дипломати.

**Милева Ѓуровска** најпрво укажа на резултатите од работата на РГ - 1 во Првиот циклус, кои не се единствено поврзани со посебната мотивација на експертите и сите други чинители да бидат активни во оваа обединувачка платформа, туку и во јакнењето на нивниот капацитетот да креираат и имплементираат конкретни препораки.

Според **Ѓуровска**, темата за оваа сесија е исклучително значајна со оглед на Новата аграрна политика на Европската унија во која добива посебно значење маркетингот и регулацијата на пазарите на земјоделските прозводи. Европската унија во доменот на земјоделството воспоставува строги стандарди кои треба да бидат афирмирани и имплеметирани во текот на претпристапниот процес. Прилагодувањето на македонскиот пазар на земјоделски прозводи на европските услови е сложен и долготраен процес – истакна таа завршувајќи го овој кус воведен прилог кон НКЕУ-МК.

## 1. Програми и мерки за намалување на флуктуација на цените и нелојалната конкуренција

Со сесијатата претседаваше **Маја Лазареска - Јовеска** (континуиран копретседавач во РГ -1), која го покани министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, **Трајан Димковски** да се обрати на присутните. Според министерот **Димковски** темата е исклчително значајна и ургентна бидејќи дискусијата може да придонесе за откривање на нови можности за поголема функцоналност на пазарите на земјоделски прозводи што би довело до пораст на продуктивност во целиот земјоделски сектор.



Според него, постојат структурни недостатоци во земјделскиот сектор и реална потреба од реструктурирање на секторот на што Владата веќе започнала со сериозни подготовки. Базичен документ е Националната стратегијата за земјоделство и рурален развој 2014-2020. Посебно значење за оваа област има проектот: „Воведување и спроведува-ње на мерки за заедничко уредување на пазарите“, кој започнал на почетокот на 2019 година и е финансиран од ИПА-2 механизмот. Со проектот се очекува да се поврзат земјоделците и откупувачите и да се воспостават цврсти (формални) договори меѓу нив. На тој начин земјоделците ќе бидат сигурни во откупот и цените, а откупувачите во производите што им се потребни. Со реформирањето на секторот се очекува имплементирање на пазарни стандарди ќе им се помогне на институциите и на приватниот сектор во уредување на бараниот сет на национални пазарни стандарди за свежо овошје и зеленчук на внатрешните и извозните пазари на ЕУ.

**Андријана Велевска** во дискусијата истакна дека проектот Воведување и спроведување на мерките за заедничко уредување на пазарите ИПА-2 беше препознаен од ЕУ како проект со кој се креираат мерки за имплементација на европските стандарди. Од тие причини Проектот е продолжен за шест месеци со дополнителен грант. Исто така, беше напоменето дека препораките на НКЕУ-МК предложени од експерите потврдува-ат дека мерките кои се разработуваат во проектот одат во иста насока. Според **Драги Димитриевски**, македонската земјоделска политика поминувала низ различни развојни фази, а во последната фаза, која трае од 2007 до денес, карактеристични се интензивни реформи во насока на хармонизација со ЗЗП (CAP) на ЕУ.

Мерките на македонската земјоделска политика се внесени во Законот за земјоделство и рурален развој, а тоа значи дека постои солидна формална основа. Како мерки за уредување на пазарот се посочени: ценовно-пазарните мерки, условен увоз на поединечни земјоделски производи, државна интервенција за насочување на производството, помош и модалитети за приватно складирање на земјоделските производители и компании.



Во однос на процесот кој на прилагодување на македонската земјоделска политика кон ЗЗП на ЕУ, се истакна дека ќе бидат неопходни големи реформи, особено во поглавјата 11, 12 и 13 каде постојат голем број прописи кои треба да се транспонираат во нашата легислатива. Станува збор за над 4.000 законски и подзаконски акти, односно над 60.000 страници на прописи со задолжително важење. Во однос на регулирање на пазарите треба да се следи Организацијата на заедничките пазари (ОЗП) на ЕУ.

Тоа е важно, истакна **Димитриевски** бидејќи треба да создадеме систем за да ѝ се даде на владата инструмент за интервенција во случај на нарушување на пазарот.

## 2. Карактеристиките на македонскиот пазар на земјоделски производи

Уредувањето на пазарите е начин со кој државата влијае на понудата и побарувачката т.е. начините на кој се врши размената на земјоделски производи. Станува збор за специфичен пазар што се должи на карактерот на самото земјоделско производство. Според Проф. Димитриевски трговијата влијае врз подобрување на искористеноста на приодните ресурси, бидејќи пазарот врши насочување кон производство во одредени области - оценети како профитабилни. Трговијата придонесува со приближно 10% во БДП. Постојат повеќе модели за уредувањето на пазарите, и како најчест модел е слободниот, односно нерегулираниот пазар.



Доколку се практикува овој модел треба да се биде внимателен бидејќи слободната меѓународна трговија, покрај позитивните страни, може и да има деструктивно влијание во поединечни сектори на земјоделството-то. Затоа, заштитните мерки на државата т.е. владините политики можат да придонесат во насочување на земјоделското производство. Македонскиот пазар за земјоделски производи ги има следните карактеристики:

- Мал обем со неизбалансирана структура на понудата. Во некои сектори се надминуваат домашните потреби (овоштарството), но во некои не се задоволуваат домашните потреби (сточарството и производството на пченица). Малиот обем на производство е сериозна препрека за излегување на меѓународните пазари.

- Неповолна сортна структура којашто влијае на нискиот извозен потенцијал.

- Либерализиран пазар во рамките на Договорот на ЦЕФТА и со повеќе билатерални договори за слободна трговија што претставува сериозна конкуреницијa за домашното производство, особено од сосе-дните држави кои инвестираат во зголему-вање на продуктивноста на земјоделски производи.

- Слабата пазарна инфраструктура и слабата вертикална интеграција;

- Постоење на проблем со непочитување на договорите на релација производители – откупувачи.

Според **Димитриевски** слабата пазарна позиција на меѓународните пазари се должи на ситното производство и ниско ниво на здружување на земјоделците. Постојат особено слаби резултати во задругарство и во други форми на здружување на производителите (асоцијалции).



Заклучокот на **Димитриевски** е дека уредувањето на македонскиот пазар се вршел со ограничен број на мерки, во најголем дел со ад-хок решенија. Во наредниот период овој систем на преземање на мерки треба да биде усогласен со оној на ЕУ. Многу е важно да бидат обезбедени финансиски инструменти за за уредување и интервенција на пазарот на кој владее силна конкуреницијa.

### 3. Словачките искуства во приближувањето европскиот пазар на земјоделски производи

Словачките искуства беа пренесени од **Виера Барикичова**. Таа потенцираше дека Владата треба добро да ја познава сопствената ситуација и да знае што сака, а словачкото искуство е многу поучно во однос на тоа. Ова искуство може да помогне за да не повторат истите грешки кои Р. Словачка ги има направено при вклучувањето во Заедничката аграрна политика на ЕУ.



Според стандардите за Организација на заедничкиот пазар важно е следното:

.

- Комплетно управување со фармите т.е. следење на финансиите и следење на нивоата на залихи;

- Следењето на временските услови и користење на „паметни“ аларми за штетници;

- Анализа на трошоците.

Меѓу регулативите на ОЗП значајна е Регулативата 1308/2013 која опфаќа голем број производи.

Постојат само 3 производи кои веќе не се вклучени во ОЗП, а тоа се шеќер, тутун и етил алкохол. **Барикичова** заклучи дека мали се изгледите да се промени листата на производи регулирани од ОЗП и дека јавната интервенција не може многу да промени. Се очекуваат измени во однос на подршката за приватно складирање која ќе се редуцира на само неколку производи.

Шеми на подршка на ЕУ ќе се однесуваат на следното:

1. Поддршка на училишната шема за оброк на учениците од: овошје и зеленчук и млеко. Оваа шема се поткрепува со многу студии и е заклучено дека доколку децата ги консумираат уште од рана возраст постојат поголеми шанси овие намирници да останат дел од нивната редовна диета.

2. Поддршка на секторот - маслиново и трпезно масло што се произведува во земји со географски услови на производство (Грција, Франција и Италија);

3. Поддршка во секторот на зеленчук и овошје меѓу кои е и винскиот сектор кој за Македонија е особено значаен. Опфаќа пет години на национална поддршка, а се однесува на обновување на насадите, промоција, зелени реколти, заеднички фондови, осигурување на реколтите, инвестиции, иновации во винскиот сектор, дестилација на нуспроизводи;

4. Воведување на маркетинг-стандардите според регулативата на ЕК 1308/2013 кои важат дури и тогаш кога земјата е надвор од ЕУ доколку се настојува да тргува со ЕУ. Овој дел исто така ќе биде и во новиот реформиран Пакет.

Посебно значаен аспект од словачкото искуство е отпорот на земјоделците да влезат во задруги или да формираат организација на производители, што беше посочен како еден од големите проблеми на македонските земјоделци. **Бариччова** истакна дека организациите на производители (ОП) се единствениот признат субјект на Европската комисија, затоа што ЕК не работи со самостојни земјоделци. Словачките земјоделците брзо го сфатија дека единствен начин да се добие поддршка е да се биде дел од организациите на производители. Во моментот има 5 големи здруженија на производители кои произведуваат 80% од производите на Словачка кои имаат голема преговарачка моќ. Здруженијата на производители се, исто така, одржливи партнери, бидејќи на овој начин тие можат да произведуваат во тек на 12 месеци годишно, да го одржат квалитетот за разлика од земјоделец - поединец кој произведува во тек на неколку месеци.



Големите пазарни ланци се реалност и тие ќе се инсталираат и тука - истакна **Бариччова**, но треба да се знае дека тие сакаат евтини и квалитетни производи и во текот на целата година. На ваквата побарувачка единствено можат да одговорат производителите здружени во определени организации (здруженија, задруги и сл.). Позитивните ефекти од здружувањето се:

- Концентрирано снабдување
- Зголемување на обемот на понудата;
- Подобрување на маркетингот;
- Планирање и прилагодување на производството на побарувачката;
- Оптимизирање на трошоците за производство;
- Стабилизирање на цените на производителите;
- Истражување и иновации;
- Споделување на најдобри практики
- Пристап до алатки за управување со ризик

Проблем кој денес заслужува исклучително внимание претставуваат климатските промени кои не беа карактеристични порано. Денес земјоделците се соочуваат со африкански штетници, вируси и други видови штетници што се целосно неочекувани. За намалување на последиците од ваквите катастрофи, производителите во ЕУ креираат заеднички фондови за справување со ризик.

Во секторот овошје и зеленчук, значајни се регулативите 1307/2013 2017/891 и 2017/892, но се очекува тие наскоро да се променат. За да ги имлементира овие регулативи владата на Р. Словачка ја донесува регулатива бр. 273/2017 како Национална стратегија за оперативни програми за здруженија на производители во секторот овошје и зеленчук и Национална рамка за животна средина. Според Оперативната програма секое здружение треба да има минимум 5 члена, а нема максимален број на членови.




Секое здружение треба да има оперативна програма која се состои од: план за производство во период од 5 години; мерки за квалитет; маркетинг и промотивна кампања; истражување и иновации; технички асистент и обука на персоналот (земјоделците) што завршува со испит и сертификација за справување со превенција и управување со кризи, мерки на животната средина и други мерки.

Во однос на органското земјоделство, кое може да се нарече и земјоделство на иднината, во моментот има само една регулатива - Регулатива 834 /2017. Оваа регулатива ги контролира сите фази на производство, подготовка и дистрибуција и се однесува на органско производство и етикетирање на органски производи во ЕУ.

**Баричичова** се наврати повторно на секторот вино и винската Заштитена географска ознака (ЗГО). Според регулативата COM 607/2009 во е ЕУ се заштитени 1579 вина и 339 алкохолни пијалаци, Постојат детални инструкции за постапките за аплицирање и добивање на регистрација. Заштитена географска ознака е важи и за трети земји кои треба да ги поминат истите тестови како и сите други заштитени пијалаци. Постои база на податоци позната како E-Bacchus - Регистар на ознаки за потекло и географски индикации заштитени во ЕУ, како и имињата на потекло на продукти од не-ЕУ земји членки кои се заштитени во ЕУ. Во однос на реформата на Заедничката земјоделска политика истакна дека приоритетно значење ќе имаат зеленчукот и виното и главно ќе се однесува на организациите на производители. Регулативата ОМНИБУС ја зајакнува моќта на организациите на производители во сите сектори на земјоделско примарно производство. Посебно значајно прашање ќе биде безбедноста на храната.

Европскиот пазар се соочува со многу предизвици меѓу кои е руската блокада за увоз на земјоделски производи од ЕУ што доведе до преголема продукција на производи и драматично намалување на цените, што беше голем шок за производителите. Тоа резултираше со отстранување на квотата за млеко и шеќер. Секторите кои беа први на удар беа подржани со посебни мерки. Регулативата ОМНИБУС има цел да се поедностави и зајакне позицијата на земјоделците во ланецот на производство на храна. Почетокот на реформата на ЗЗП означен за 2021 година веројатно повторно ќе биде одложен поради сложеноста на ова подрачје, иако преговорите се водат повеќе од три години. Според предлог - документот за реформа предвидени се 3 столба:

1) Развој на стратешки планови 2021-2027

2) Хоризонтална димензија со промоција на новата филозофија за зголемување на одговорноста на државите – членки; и

3. Амандманска димензија која упату-ва на Директивата 1308/2013.

За правилно поставување на стратешките планови секоја земја треба да развие аналитички пристап со пример на SWOT анализа врз што ќе се темелат мерките. Многу е значајно да се има прецизни податоци за секој од секторите и да им се помогне на секторите кои имаат потреба за поддршка, во спротивно ќе дојде до нарушување на пазарите.

Безбедноста на храната станува приоритет во ЕУ. Производите треба да изгледаат убаво, но и да бидат здрави, затоа што ако нешто недостасува потрошувачите нема да бидат заинтересирани да го купат.

## 5. Ниски откупни цени – високи производствени трошоци




За македонскиот пазар на земјоделски производи карактеристично е намалувањето на откупните цени, а зголемување на производните цени. Според **Васка Мојсовска** ваквата состојба делумно произлегува од климатските промени кои значително ги намалија реколтите споредбено со периодот од пред десет години. Последиците од ваквата тенденција е намалување на ентузијазмот и мотивираноста за работа во земјоделството. Оваа гранка придонесува со 12% во БДП, а од земјоделство остваруваат егзистенција над 180.000 семејства. Бидејќи станува збор за витален сектор потребно е сите актери во оваа област да размислат што треба да се направи за да не дојде до уште поголема криза.

До промена може да дојде доколку:

- Откупувачите не мислат само на сопствениот профит;
- Обичните граѓани ги поддржат домашните производувачи и да купуваат македонски производи;
- Земјоделците итно да започнат со здружување.

Освен пласманот и ниските цени **Мојсовска** го истакна проблемот со планирање на производство, немањето соодветна технологија, ниската продуктивност (ниски приноси) и недостиг на адекватни информации. Таа посочи дека со намалувањето на производството на земјоделски производи, увозот ќе расте, а со тоа ќе растат и цените на производите што ќе влијае на стандардот на ниските слоеви на општеството. Според **Мојсовска** ниските откупни цени се диктирани од страна на преработувачите кои успеваат да добијат дозволи за увоз на земјоделски производи (суровини). На тој начин се дестимулира домашното производство на земјоделски производи. Регулацијата на пазарите е од исклучително значење во намалувањето на руралната сиромаштија на што е укажано во Декларацијата за селаните на ООН. Оваа декларација треба да биде афирмирана и во македонскиот контекст и да се има пред вид при градењето на политиките и креирање на законите.

Мојсовска кажа дека НФФ го поддржале и Законот за вино, кој значително го олеснува производството на вино, особено во сегментот на продажба на вино од фарма, со кое ќе се развие диверзификација на понудата и развојот на винскиот и руралниот туризам.

### 6. Дискусија




Дискусијата беше водена од страна на **Васко Хаџиевски** и **Александра Мартиновска – Стојчевска**. Дебатата отпочна со сугестија на **Баричичова** задолжително во препораките да биде инкорпорирана т.н. Училишните шема на ЗАП која се однесува на поддршка на школскиот систем во снабдување со свежо овошје и млеко за учениците во основните училишта- како што е тоа во ЕУ. На оваа препорака Велевска истакна дека се размислувало за воведување на таква мерка, но нејзината имплементација е сложена поради мултидисциплинарноста што бара повеќе време за нивно прецизирање и дефинирање на начинот на кои ќе се спроведува.

На проблемот со имплементација на законите укажа **Билјана Петровска – Митревска**. На пример, во Законот за земјоделство и рурален развој одлично е регулирано договорното производство, но проблемот е што не се почитува тој. Таа посочи дека Законот предвидува санкции за непочитување, кои, за жал, некој има моќ да ги избегнува. Законите треба да важат без разлика на тоа кој ги прекршил. Според неа, една влада успешна доколку се спроведуваат законите. Таа потсети на советот на експерткатa **Баричичова** за тоа дека треба да се најде начин како да се влијае врз институциите. Имплементацијата на легислативата во доменот на земјоделството е проблем на кој укажа и **Игор Аговски**. Причините за тоа, според него, произлегуваат од недоволните ресурси кои се алоцираат во земјоделството. Се одделуваат само 3% од БДП за поддршка на земјоделството што е значително помалку од државите членки на ЕУ. Само од ЕУ - буџетот за земјоделството се одвојува 36% со што се покажува виталноста на самиот сектор. Земјоделството е неатрактивна професија, а за да ги мотивира луѓето да опстојат во неа потребна е поголема поддршка од страна на државата. Меѓутоа не е лесно да се одговори на прашањето колку пари ќе бидат доволни за поддршка? – дополни **Димитриевски**. Дали можат сите ќе бидат задоволни? ЕУ во минатото трошело и повеќе пари, а сега е тренд на намалување бидејќи не вродиле со плод.

Според него, поддршката која ја дава државата не е лоша. Се одвојуваат речиси 140 милиони евра за земјоделците, но малку се одвојува за руралниот развој, со што би се модернизирал секторот и би се избегнала натамошна депопулација на селата. Истакна дека од актуелните проекти се очекуваат резултати на подолг рок алудирајќи на проектот за консолидација на земјиштето. Особено значајно прашање е здружување на земјоделците, бидејќи ЕУ не разговара со земјоделци поединци. Македонија е мала држава која мора да се обедини за да ги направи крупни реформи, бидејќи по влезот во ЕУ ќе има сериозни проблеми, споделувајќи го примерот на Словенија која по влезот губела 8 фармери дневно.Во однос на ова **Баричичова** истакна дека Словачка го немале проблемот на Словенија, бидејќи уште пред влезот земјоделците Словачка тргувала на европскиот пазар и дека не постоел проблемот на здружување што било многу важно поради тоа што на големиот европски пазар се тргува со големи количини.



Македонија треба да го искористи периодот на подготовки за членство во ЕУ за да реши дел од проблемите, бидејќи таа постапка е многу покомплицирана кога ќе биде дел од ЕУ. Таа истакна дека здружувањето може да биде на повеќе мали здруженија или пак неколку големи со над 100 земјоделци и двете се функционални. Здружувањето е вистинската перспектива за излегување на меѓународните пазари. За Македонија е карактеристично егзистенцијалното производство и затоа субвенциите се исклучително значајна мерка. **Мојсовска** направи паралела на земјоделството пред, и после воведувањето на субвенциите. Според неа, земјоделците ги доживеале субвенциите како поттик да продолжат да произведуваат бидејќи се чувствувале како ценети од државата. Таа напомена дека во случај да престанат субвенциите, ќе престане и производството на храна. Меѓутоа, многу е важно, според неа, да се одговори на прашањето дали субвенциите одат кај вистинските земјоделци? Постојат професионални земјоделци, но и такви на кои земјоделството им е хоби.

**Никола Тодоровски** од Европско Движење, кој побара појаснување на прашањето: како може да имаме зголемување на субвенции, а да немаме зголемување на производството? Тој, исто така, праша дали субвенциите служат за решавање на социјални проблеми или на развојни проблеми на земјоделството?

Според **Васко Хаџиевски** здружувањето на земјоделците во здруженија, кооперативи или било која друга форма на здружување, е исклучително значајно и тоа, не само за субвенциите, туку заради нивната идна перспектива да излезат на пазарите надвор од државата. Со оглед на резултатите и искуствата на We Effect од Шведска во нашата држава не постои кооперативен дух и инситирањето на задругарство е трошење на време. Тој предложи субвенциите да се доделуваат само на организирани регистрирани и поврзани земјоделци. Смета дека сегашниот индивидуализам ја уништува државата. На субвенции во период од 2007-2017 се потрошени над 1 милијарда евра, додека увозот на храна за тој период е зголемен двојно, што би се заклучило дека субвенциите не го решаваат проблемот со продуктивноста на трудот.



**Аговски** коментираше дека субвенциите се потребни бидејќи земјоделството е нискодоходовна гранка иако е од исклучителна важност на едно општество. Според него, доколку нема субвенции производството на храна ќе се намали. За опишаните состојби постојат други причини кои треба да се анализираат.

**Александра Мартиновска**, заблагодарувајќи се на презентациите на експертите кои можат да бидат многу корисни, истакна дека не треба да бидат субвенционирани само професионалните земјоделци, како што беше наведено во дисусијата претходно и дека тоа не е практика во ЕУ.

Сесијата ја затвори Проф. **Милева Ѓуровска**, која им се заблагодари на сите присутни за учеството и на експертите за работата и ги повтори зборовите на експертката од Словачка:

грешките кои ги направила Словачка да не се повторат и во Македонија. Исто така, таа нагласи дека не смее да се копираат моделите на другите држави, бидејќи секоја држава има свои специфичности. Таа потсети и на социолошкиот факт дека Македонија има 40% рурално население и дека е не реално да се смета од секој земјоделец да биде правно лице. Нагласи дека никој однадвор нема да може да помогне, туку дека кадрите кои ги поседува државата мора да поттикне модел на зголемување на обемот на понудата на земјоделски производи преку изнаоѓање модел на асоцирање на земјоделците со оглед на постоечките општествени (културолошки) услови. Македонија треба да се подготви да влезе на пазар од 450 милиони жители, во спротивно ќе ги трошиме производите произведени во другите држави-членки на ЕУ.

